РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar | 18. 07. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njesia. Org. | Број Numri | Прилог Shtojce | Вредност Vlera |
| 08 | 3666/6 | | |

ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
А бр.03-460/2
Скопје, 14.07.2025 година

ДО
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЗА
ПРЕТСЕДАТЕЛ

**Африм Гаши**

**Предмет:** Одговор на интерпелација

**Врска:** Ваш бр. 08-3666/5, примен на 04.07.2025 година

Врз основа на член 48 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија и во рамките на предвидениот рок од 10 дена од приемот, Ви доставувам писмен одговор на Интерпелацијата поднесена од пратениците Димитар Апасиев, Борислав Крмов, Реџеп Исмаил, Јована Мојсоска, Амар Мециновиќ и Сашко Јанчев.

ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Љупчо Коцевски**

ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
PROKURORIA PUBLIKE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ * SHKUP

**ОДГОВОР НА ИНТЕРПЕЛАЦИЈА**

**за работата на**

**Јавниот обвинител на Република Северна Македонија**

Почитувани пратеници,

На 04.07.2025 година до мене, преку Претседателот на Собранието на РСМ, е доставена интерпелација за мојата работа, поднесена од шест пратеници од политичката партија Левица - Димитар Апасиев, Борислав Крмов, Реџеп Исмаил, Јована Мојсоска, Амар Мециновиќ и Сашко Јанчев.

Целосно свесен за одговорноста која ја имам пред Законодавниот дом, но и пред целата јавност, во однос и на мојата работа и постапување како државен јавен обвинител и на работата на Јавното обвинителство во целина, секогаш уредно и навремено сум одговарал на сите пратенички прашања. Функцијата ја вршам чесно и одговорно, со максимално почитување на начелата на транспарентност и отчетност.

Затоа ќе одговорам детално и образложено на сите наводи и во оваа интерпелација, иако нејзиното поднесување согласно закон е недозволено и претставува само потврда за неоснованоста на нападите со кои се соочува институцијата со која раководам и кои во крајна линија се една од основните причини за ниска јавна доверба во правосудните органи воопшто.

Имено, постапката за одговорност на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија е уредена со lex specialis, односно со Законот за јавното обвинителство и не предвидува можност за политичка одговорност каква што е интерпелацијата. Тоа е така за да се гарантира функцијата на Јавниот обвинител кој раководи со единствен и самостоен орган, независен во постапувањето и одлучувањето. И покрај тоа, на оваа интерпелација и се дава третман како и на секоја друга ваква постапка за одговорност на политички функционер, што во основа покажува недоволно разбирање на подносителите за самостојноста на третата власт.

Независно од тоа, со оглед на тоа што дел од наводите во поднесената интерпелација се исти или многу слични на оние со кои пред извесно време беше иницирана постапка за мое разрешување и на кои детално и прецизно одговорив, подговен сум и пред сите вас, како народни избраници, да одговорам на секое едно од овие неосновани тврдења.

Воопштените и со ништо непоткрепени формулации од типот „разно-разни афери", „низа скандали" и „хаотична состојба во начинот на функционирање на обвинителството", со кои подносителите без никаков аргумент бараат моја одговорност само го потврдуваат фактот дека оваа интерпелација е политички, а не правно заснован инструмент со кој само се овозможува упад во самостојноста на Јавното обвинителство.

Затоа ќе одговарам на оние четири точки кои се наведени како клучни причини во интерпелацијата.

1. Селективни кривични истраги за трагдијата во Кочани, кои според напишаното од подносителите „не вклучувале актуелни вмровски носители на високи јавни функции".

Јавното обвинителство во сите предмети, вклучително и во предметите оформени за одговорност по катастрофалната кочанска трагедија постапува исклучиво врз основа на доказите. Притоа осомничените не ги дели на членови на ВМРО, СДСМ, ДУИ, Левица, на Македонци, Албанци, Турци или Роми, на мажи или жени, ниту на кој било друг основ. Постапува спрема сите за кои се обезбедени докази. Постапува и против сопствениците и поврзаните лица со дискотеката, и против обезбедувањето, и против сите одговорни лица во неколку институции кои со своето постапување или непостапување овозможиле таа дискотека да работи толку години. Постапува и против припадници на Министерството за внатрешни работи, високи полициски функционери, и тоа не во „предистрага" како што неточно се наведува во интерпелацијата, туку во фаза на истрага во рамките на која тие активно се истражуваат и им се определени мерки на обезбедување. Во уште неколку други институции и за други лица продолжуваат и натаму дејствија се додека не ја испитаме целосно линијата на одговорност. Трагедијата во Кочани не погоди сите. Јас лично неколкупати се сретнав со семејствата на починатите, им ги објаснив постапките и тие се веќе уверени дека пристапот што го има Јавното обвинителство за утврдување широка одговорност за оваа трагедија е правилен. Затоа, не само што не се чувствувам одговорен, туку се чувствувам и горд на работата на обвинителскиот тим кој за исклучително кратко време успеа да прибере огромен број докази за целосно утврдување на одговорноста. Очекувам фер и непристрасна судска постапка, во која ќе се докаже дека, имајќи ја предвид исклучително тешката последица, дејствијата на обвинетите целосно го исполнуваат законското битие на кривичното дело – Тешки дела против општата сигурност. И не станува збор, како што се наведува во интерпелацијата за некакво „чопоративно" обвинување, туку

секој од нив си одговара со свои дејствија и постапки со кои дал придонес за трагедијата да се случи.

2. Понатаму, во интерпелацијата се изнесуваат наводи за политичко влијание врз мене директно од страна на премиерот Христијан Мицкоски, како во однос на постапката за кочанската трагедијата, така и воопшто. Односно се тврди дека „е постигнат политички договор“ постапката за мое разрешување да запре во замена за селективност и неправичност на истрагите. Одговорно тврдам дека во ниту еден момент не постоел таков обид за политичко влијание. Постапката за мое разрешување беше исто толку неоснована како и оваа интерпелација. Недостатоците во неа се наведени и во најновиот специјален извештај на Европската комисија за состојбата со владеење на правото во нашата земја, така што нејзиното запирање треба да е очекуван потег, а не некаква форма на „договорно мотивирана одлука преку ноќ“, како што се наведува во самата интерпелација. Јас од првиот момент на поднесување на иницијативата за разрешување до денес најодговорно тврдам дека не сум сторил никаква дисциплинска повреда која би била основ за таква постапка. Тоа го потврди и Советот на јавните обвинители кој даде негативно мислење за иницијативата за мое разрешување.

3. По однос на точката која во интерпелацијата е насловена како „Функционален хаос во Вишото јавно обвинителство Скопје“ и во која повеќе се изнесуваат неточни, непроверени и пренесени информации, отколку реални факти, сакам да го изнесам следното: Токму констатираните состојби во Вишото јавно обвинителство Скопје беа повод да иницирам дисциплинска постапка против шефот на тоа обвинителство и против уште еден јавен обвинител во ВЈО Скопје. Дисциплинската комисија, која е целосно независен орган, таа иницијатива ја прифати едногласно, поведе постапка, ги испитуваше сите докази и повторно едногласно донесе одлука дека двајцата навистина сториле тешка дисциплинска повреда. По однос на одредените санкции не би коментирал, бидејќи одлуката се уште не е правосилна, но факт е дека во прв степен им се изречени најтешките санкции кои за ваква повреда се предвидени во Законот за јавното обвинителство. Каде е тука мојата одговорност? Дали требало да ги одмолчам пропустите и нестручноста со кои преку повлекување жалби и откажување од обвинение е нанесена штета на буџетот? Дали требало да одмолчам за нарушените меѓучовечки односи за кои одговорен бил шефот на Вишото јавно обвинителство Скопје и за кое против него се води и кривична постапка? Јас избрав да не молчам и директно да го повикам на одговорност секој јавен обвинител за кого ќе констатирам дека непрофесионално и нестручно ја врши својата функција. Дека одлуката била

исправна потврди и целиот состав на Дисциплинската комисија, а состојбите во Вишото јавно обвинителство Скопје веќе се подобруваат.

4. Последната точка од интерпелацијата се однесува на наводи за „Непостапување по службена должност за дивоградбите на урбаната мафија во Скопје“. По оваа точка би изнел две клучни работи, односно два факти кои во целост ги демантираат изнесените наводи. Првиот е дека, наспроти наведеното, Јавното обвинителство има оформено предмети и по допрен глас и по поднесени кривични пријави и во Општина Чаир, и во други скопски општини и во други градови во државата. Дел од нив се во предистрага, дел во истрага, за дел е поднесено обвинение, за некои има и судски постапки и одлуки. Јавното обвинителство постапува и ќе продолжи да постапува за секое бесправно градење констатирано и пријавено од надлежните органи и служби. Конкретно, за наводите на скопската градоначалничка, оформени се два предмети по нејзините пријави – едниот во ОЈО Скопје, другиот во ОЈОГОКК. И по двата се постапува во предистражна постапка, во рамките на која се дадени детални наредби на надлежните институции од правосудната полиција да обезбедат докази за проверка на наводите. Тука, би го нагласил и вториот факт, а тоа е употребата, односно повеќе злоупотребата на терминот „допрен глас“, предвиден како можност не само за јавниот обвинител, туку и за другите надлежни институции да оформуваат предмети врз основа на јавно слушнати наводи и информации за сторено кривично дело. Овој инструмент јавното обвинителство го користи во ситуации кога институциите надлежни за откривање на кривичните дела не си ја вршат својата работа и во случаи кога квантумот на јавно објавени информации е доволно голем за да овозможи основано сомнение за извршено кривично дело и сторител. Инаку, секој што во рамките на извршување на своите службени должности дознал дека е извршено кривично дело има законска обврска тоа да го пријави.

Почитувани пратеници,

За крај, оваа интерпелација сумира дека во Јавното обвинителство на РСМ „владее нефункционална и токсична атмосфера“, нешто што може да биде одраз само на субјективна перцепција на подносителите со која не можам да се согласам ниту јас, ниту мнозинството јавни обвинители.

Напротив, и Европската комисија во Извештајот за владеењето на правото во нашата држава констатира напредок во истрагите и поднесените обвиненија за кривични дела од областа на корупцијата, при што особено го наведува упатството за давање приоритет на предметите од областа на корупцијата што го донесов.

“Јавните обвинителства покажуваат зајакнат капацитет за истражување, подобра меѓуинституционална соработка, а четирите истражни центри сега се во функција”, се наведува во извештајот со кој се скенира состојбата во оваа област, по примерот на сличните извештаи што се изготвуваат за земјите-членки на ЕУ.

Тоа е потврда за резултатите кои ги постигнуваме. Од тие причини, барам да ги отфрлите ваквите наводи со кои целосно неосновано се инсинуира за наводни притисоци врз обвинителството од владејачката политичка партија, за селективност на истрагата за кочанската трагедија, и со кои лично се напаѓа професионалноста и угледот на сите јавни обвинители и мојата професионалност и стручност. Апелирам до вас, преку отфрлање на оваа интерпелација која нема ниту еден законски основ и воопшто не би смеела да биде поднесена, да ја заштитите институцијата Јавен обвинител и неговата самостојност гарантирана со Уставот и законите.

ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Љупчо Коцевски**